РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-614/1
02-02-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-145/1 од 09.01.2025 година оформен по пријава против лицето ----------, директор на ООУ -------------, -----------, СЕ ЗАПИРА поради тоа што не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и не е утврдено постоење на судир на интереси кај службеното лице.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава од непознат подносител против службеното лице -----------, директор на ООУ--------, ------------. По пријавата е оформен предметот со број 09-145/1 од 09.01.2025 година. Во пријавата се наведува дека службеното лице постапило спротивно на член 56 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, затоа што вработило свои блиски лица и тоа: ----------, негова прва братучетка, на работно место професор по предмет јазик и култура на Ромите и ---------, ќерка на неговиот чичко на работно место професор по предмет јазик и култура на Ромите. Исто така, се наведува дека горенаведените лица немаат соодветно образование за работните места во училиштето.

Државната комисија заради проверка на наводите од пријавата и правилно утврдување на фактичката состојба се обрати до Општинското основно училиште ---------- ---------- со барање за доставување на податоци и информации, а врз основа на добиениот одговор и доставената документација во прилог, ја утврди следната фактичка состојба:

Директорот на ООУ --------- ----------, --------------, врз основа на добиена согласност за вработување од МОН, распишал Јавен оглас за вработување на наставен и ненаставен кадар

за учебната 2024/2025 на определно време до 31.08.2025 година, на кој меѓудругото се барале и кандидати за работно место наставник по предметот - Јазик и култура на Ромите – 1 извршител со 4 наставни часа, наставник по предметот - Јазик и култура на Ромите – 4 извршители со 20 наставни часа и наставник по англиски јазик – 3 извршители со 20 наставни часа. Директорот донел Решение за именување на комисија за бодирање и избор на кандидати по распишаниот јавен оглас со бр.04-197/1 од 11.11.2024 година.

Видно од Записникот со бр.04-197/2 од 20.11.2024 година од Комисијата за разгледување на молби по јавен оглас е дека биле разгледани молбите доставени од кандидатите по распишаниот оглас по што врз основа на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средни училишта (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019г.) и Правилникот за рангирање, критериуми за бодирање и избор на кандидати по распишан јавен оглас, било извршено рангирање на кандидатите и била изготвена листа на кандидати меѓу кои биле и лицата ----------- за работно место наставник по предметот Јазик и култура на Ромите и Англиски јазик и лицето ------------ за работно место наставник по предметот Јазик и култура на Ромите.

Видно од Записникот бр. 02-19/5 од 04.12.2024 од одржана седница на Училишниот одбор на ООУ ----------- ------------- е дека како шеста точка на дневен ред било Разгледување на молби по оглас за вработување и давање мислење, по што било констатирано дека за сите работни места има пријавени кадидати освен за работното место наставник по математика и работно место – специјален едукатор и рехабилитатор. Училишниот одбор ја разгледал ранг листата изработена од страна на Комисијата за разгледување на молби по јавен оглас по што со 5 гласа ЗА била прифатена молбата на кандидатот ---------- за наставник по англиски јазик – 1 извршител со 20 наставни часови и бил даден предлог до директорот на училиштето. Исто така, за наставник по предметот -Јазик и култура на Ромите – 5 извршители со по 20 наставни часови меѓу другите канидати на листата било и лицето -----------, по што членовите на Училишниот одбор ја разгледале молбата и со 5 гласови ЗА дале предлог на директорот.

Директорот на ООУ ------------ ------------, ----------------, во согласност со член 21 од Законот за работни односи донел Одлука за избор од пријавените кандидати со бр.04-197/3 од 05.12.2024 година, на начин што по објавен оглас за прием на извршители на определено време за учебна година 2024/2025 година биле примени лицата ---------- од Крива Паланка на работно место наставник по англиски јазик и ---------- од Скопје на работно мето – наставник по предмет - Јазик и култура на Ромите.

На барање од Државната комисија, службеното лице ----------, достави Изјава дека вработената ---------- на работно место наставник по јазик и култура на Ромите не е негово

блиско лице во смисла на член 8 став 4 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, додека за лицето ---------- наведува дека е негова далечна роднина и дека нејзините документи биле разгледувани од комисија, како и дека била единствен кандидат за објавеното работно место.

Државната комисија во рамки на постапувањето побара од Државниот просветен инспекторат во рамки на својата законска надлежност да изврши вонреден инспекциски надзор над постапката за вработување на лицата посочени во пријавата во ООУ --------- ---------. Државниот просветен инспекторат достави Известување бр.31-628 од кое е видно дека на 18.08.2025 година извршил вонреден инспекциски надзор при што не биле констатирани неправилности кај субјектот на надзорот поради што инспекциската постапка била запрена. Исто така, во известувањето е наведено дека службеното лице -------- до Државниот просветен инспекторат доставило изјава согласно која со лицето ------------ наставник по англиски јазик на определено време е во далечна роднинска врска, но поради тоа што немало други кандидати за ова работно место, во интерес на наставата и учениците, истата била примена како наставник.

Согласно сè погоре наведено, Државната комисија констатира дека наводите изнесени во пријавата не се потврдуваат, односно дека лицата --------- и -----------, вработени на определено време во ООУ ----------, ------------, не се блиски лица на службеното лице -----------, директор на истото училиште, во смисла на член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Оттука, кај пријавеното лице не настанала состојба на судир на интереси, со оглед на тоа што истото не учествувало ниту одлучувало во постапка за вработување во која негово блиско лице би имало приватен интерес. Исто така, и од страна на Државниот просветен инспекторат не се констатирани неправилности кај субјектот на надзорот во постапката за вработување на наведените лица.

Од наведените причини Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил : С.С.М. – член на ДКСК

